РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-6
___. 03. 2016 година
28 -03- Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Друштвото за трговија и услуги ВЕУС - ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес и Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување со УП I бр.25-6 од 27.01.2016 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. СЕ ОВЛАСТУВА Друштвото за трговија и услуги ВЕУС - ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, за техничка служба на инспекциското место на ул.Академик Пенчо Давчев бр.85 Велес, за вршење на следните работи:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став 1 и став (3) алинеја 3 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14);

б) Одобрување на преправено возило од категориите L, M, N, O, T и R согласно член 6 точка 1, 4, 10 и член 7 точка 1 (ТНГ), 3 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила (Службен весник на Република Македонија" бр.7/10):

в) инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор), согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.101/13).

2. Решението за овластување за техничка служба на Друштвото за трговија и услуги ВЕУС - ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес УП I бр.25-3 од 04.02.2015 година, престанува да важи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 56 став (2) од Законот за возила, Друштвото за трговија и услуги ВЕУС - ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, поднесе барање бр.1609-26 од 25.01.2016 год. за издавање на предлог за овластување за техничка служба до органот за одобрување – Биро за метрологија. Органот за одобрување по спроведената постапка, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба бр. 1609-26 од 25.01.2016 година со целокупната документација и барањето на Друштвото за трговија и услуги ВЕУС - ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес заверено под број УП I бр.25-6 од 27.01.2016 година. Друштвото за трговија и услуги ВЕУС - ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес бара да се овласти за техничка служба на инспекциското место ул. Академик Пенчо Давчев бр.85 Велес и кон барањето се поднесени следните документи:

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-059 од 29.02.2016 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, со важност до 28.02.2020 година и Прилог кон сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-059 од 08.01.2016 година ;

- Решение за упис во регистарот на трговски друштва со деловоден бр.30620100002312;

- Доказ за склучен договор за осигурување со САВА ОСИГУРУВАЊЕ (Полиса бр.ОР-00306148 со важност до 16.12.2016 година);

- Договор за користење на деловен простор, заверен на нотар со број УЗП 122/16 од 13.01.2016 година;

- Доказ за техничка опременост-Спецификација на мерна контролна опрема во станицата за технички преглед на моторни и приклучни возила СТП2-Речани сопственост на Здружение на возачи Велес, заверен на нотар со број УЗП 123/16 од 13.01.2016 година;

-Доказ за позитивен бонитет- Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) издадено од Централен регистар на Република Македонија на ден 13.01.2016 година.

- Доказ за вработување (копии од обрасците М1/М2 и договори за работа) и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки) за:

1. Тони Панов, дипл.маш.инж. насока моторни возила;
2. Зоран Стаменовски дипл.маш.инж, насока производно инженерство;
3.Владо Мурџев, дипл.маш.инж. насока механизациони машини и возила;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10) и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Bekim Neziri

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ